*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 11-305/2
Датум: 15.01.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 35 а во врска со чен 51, став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го донесе следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на јавна презентација и јавна анкета за Архитектонско-Урбанистички Проект за препарцелација на ГП 3.6 и формирање на две нови градежни парцели со основна класа на намена А1-Домување во станбени куќи, ДУП Локалитет Влае-Дел Б (дел), Општина Карпош-Скопје.

Јавната анкета за Архитектонско-Урбанистички Проект за препарцелација на ГП 3.6 и формирање на две нови градежни парцели со основна класа на намена А1-Домување во станбени куќи, ДУП Локалитет Влае-Дел Б (дел), Општина Карпош-Скопје. ќе се одржи од 21.01.2019 година до 25.01.2019 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Архитектонско-Урбанистички Проект за препарцелација на ГП 3.6 и формирање на две нови градежни парцели со основна класа на намена А1-Домување во станбени куќи, ДУП Локалитет Влае-Дел Б (дел), Општина Карпош-Скопје ќе се одржи на ден 23.01.2019 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Со архитектонско-урбанистичкиот проект се врши препарцелација на ГП 3.6 од ДУП локалитет Влае-дел Б (дел) и се формираат две градежни парцели 3.6.1 и 3.6.2, во рамките на проектниот опфат со површина 544,00м2 на кои е предвидена изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи.

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-Урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Архитектонско-Урбанистички Проект за препарцелација на ГП 3.6 и формирање на две нови градежни парцели со основна класа на намена А1-Домување во станбени куќи, ДУП Локалитет Влае-Дел Б (дел), Општина Карпош-Скопје и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да достават забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-Урбанизам, согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16).

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

Digitally signed by Stefan Bogoev
Date: 2019.01.15 15:11:55 CET